Врз основа на член 158-s точка 1 и член 209 а во врска со член 160 од Законот за супервизија на осигурување – пречистен текст („Службен весник на Република Македонија“ бр.30/2012), Одлука на Уставен суд бр.202/2011 („Службен весник на Република Македонија“ бр.45/2012), Одлука на Уставен суд бр. 130/2011 („Службен весник на Република Македонија“ бр.60/2012), Одлука на Уставен суд бр. 122/2011 (Службен весник на Република Македонија“ бр.64/2012) и Одлука на Уставен суд бр. 129/2011 („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/2013), Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување донесе:

ПРАВИЛНИК ЗА ОСНОВНИТЕ ПОСТАПКИ, ПРАВИЛА И НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ[1]

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

(1) Со овој правилник се пропишуваат основните постапки, правила и начинот на спроведување супервизија на друштвата за осигурување, осигурително брокерските друштва, друштвата за застапување во осигурување (во понатамошниот текст: друштва) и подетално се уредуваат надлежностите на лицата овластени од страна на Агенцијата за супервизија на осигурување (во понатамошниот текст: супервизори) за спроведување супервизија преку:

- Перманенетна вонтеренска супервизија на работењето на друштвата преку контрола на извршталте и останатата документација која друштвата ја доставуваат до Агенцијата врз основа на Законот за супервизија на осигурување, Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, подзаконските акти донесени врз основа на овие закони и други прописи;
- Теренска (целосна или делумна и дополнителна) супервизија на работењето на друштвата преку непосредна директна контрола и увид во работењето на друштвото, неговите деловни книги и останата деловна евиденција;
- Одредување мерки на супервизија;
- Одржување контакти со членовите на органите на управување на друштвата и со друштвата за ревизија и
- Соработка и размена на податоци и информации со други супервизорски органи и други институции од земјата и од странство.

(2) Одредбите од овој правилник се применуваат и при спроведување супервизија на филијала на друштво за осигурување од Република Македонија во земја членка или во странска земја,

[1] Пречистениот текст на Правилникот е изготвен врз основа на текстот на Правилникот за за основните постапки, правила и начинот на спроведување супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 9/2014) и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за за основните постапки, правила и начинот на спроведување супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2017). Пречистениот текст нема правна сила. За правни цели, единствено валидни се извештаите кои што се објавени во претходно наведените Службени весници.

директно вршење работи на осигурување на друштво за осигурување од Република Македонија во земја членка, филијала на друштво за осигурување од земја членка на Европската Унија, филијала на друштво за осигурување од странска земја, како и директно вршење работи на осигурување од страна на друштво за осигурување од земја членка на Европската Унија.

(3) Одредбите од овој правилник се применуваат и при спроведување супервизија на:

- Националното биро за осигурување;
- лица поврзани со друштвата;
- лица со кои друштвата склучиле договор за пренос на надворешни активности;
- застапници во осигурување и осигурителни брокери и
- лица кои без дозвола од Агенцијата за супервизија на осигурување вршат работи на осигурување, осигурително брокерски работи или работи на застапување во осигурување.

(4) Супервизори, согласно овој правилник, се лица кои се вработени во Агенцијата за супервизија на осигурување (во понатамошниот текст: Агенцијата) и кои:

- врз основа на овластување од претседателот/член на Советот на експерти на Агенцијата, спроведуваат теренска супервизија на работењето на друштвата и останатите субјекти на супервизија и
- во извршувањето на работните задачи се задолжени за прибирање, контрола и анализа на извештаите и податоците што друштвата и останатите субјекти на супервизија се должни да ги доставуваат до Агенцијата согласно со одредбите од Законот за супервизија на осигурување, Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, подзаконските акти донесени врз основа на овие закони и други прописи.

(5) Супервизори, согласно овој правилник, можат да бидат и лица кои не се вработени во Агенцијата а кои врз основа на посебно овластување од претседателот/член на Советот на експерти на Агенцијата се овластени да спроведуваат супервизија на одделни делови од работењето на друштвата и останатите субјекти на супервизија.

СОДРЖИНА И ОПФАТ НА СУПЕРВИЗИЈАТА

Член 2

Со спроведување супервизија на друштвата, Агенцијата ја оценува сигурноста, стабилноста, ризичноста и усогласеноста на работењето на друштвото со прописите преку:

- оцена на способноста на друштвото за управување со ризиците, вклучувајќи ја организациската, техничката и кадровската опременост за извршување на работите на осигурување;
- оцена на мерките за управување со ризици кои ги презема друштвото;

- оцена на адекватноста и соодветноста на применетите тарифи на премии, издвоените технички резерви, средствата кои ги покриваат техничките резерви, адекватноста на капиталот, соодветноста на реосигурителната програма и реосигурителното покритие и останатите мерки за управување со ризик;
- оцена на деловната политика и стратегија на друштвото;
- контрола на организацијата и начинот на водење трговски книги, деловната и сметководствената документација, од аспект на нивната точност, ажурност и веродостојност во примената на прописите за сметководство и сметководствените стандарди и составување на финансиски извештаи;
- оцена на начинот на прием, обработка, ликвидација и исплата на штети и постапување со осигуреници и други корисници на осигурување;
- контрола дали извештаите и податоците што друштвото ги доставува до Агенцијата се доставени во рамки на пропишаните рокови и дали се составени во согласност со прописите што го регулираат работењето на друштвото;
- оцена дали друштвото ги исполнува условите за вршење работи на осигурување, осигурително брокерски работи или работи на застапување во осигурување, како и усогласеност на работењето на друштвото со дозволата, интерните акти на друштвото и прописите донесени од страна на Агенцијата и другите надлежни институции и органи;
- оцена на функционирањето на системот на интерни контроли, системот на корпоративно управување и системот за известување на раководството;
- оцена на изборот и начинот на вршење ревизија од страна на друштвото за ревизија, како и извештајот за извршена ревизија на работењето и на годишните финансиски извештаи на друштвото;
- оцена на работењето и ефикасноста на внатрешната ревизија;
- оцена на примената на стандардите за информативна сигурност и планот за континуитет во работењето.

ПЕРМАНЕНТНА ВОНТЕРЕНСКА СУПЕРВИЗИЈА

Член 3

(1) Перманентната вонтеренска супервизија на работењето на друштвата претставува систем на постапки и процеси кој се заснова на постојано седење на работењето на друштвото и промените во работењето на друштвото, преку анализа на извештаите и информациите кои друштвото ги доставува до Агенцијата согласно Законот за супервизија на осигурување, Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, подзаконските прописи донесени врз основа на овие закони и други прописи.

(2) Согласно со Законот за супервизија на осигурување, покрај извештаите и податоците од став (1) од овој член, супервизорите може да побараат од друштвото и дополнителни податоци, извештаи и изјави од вработените во друштвото.

(3) Супервизорите од член 1 став (4) од овој правилник, кои вршат перманентна вонтеренска супервизија на работењето на друштвата:

- Утврдуваат дали пропишаните извештаи и податоци се доставени во рамки на определените рокови, во пропишана форма и на пропишан начин;

- Утврдуваат дали износите што се наведени во пропишаните извештаи доставени до Агенцијата се логични и точни;
- Вршат анализа на трендовите во работењето на друштвото и ја проценуваат неговата стабилност и сигурност;
- Изработуваат профили на ризик и супервизорски стратегии за друштвото согласно со интерните акти на Агенцијата;
- Составуваат записници за констатираните неусогласености во работењето на друштвото;
- Вршат други работи во насока на континуирано следење на работењето на друштвата од аспект на усогласеност на работењето на друштвата со прописите.

Член 4

(1) Доколку при спроведување на перманентната вонтеренска супервизија се утврдат неусогласености со Законот за супервизија на осигурување, Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, подзаконските акти донесени врз основа на овие прописи и другите прописи, супервизорите составуваат наод од супервизијата во форма на Записник од спроведена вонтеренска супервизија.

(2) Записникот од став (1) на овој член претставува службен документ кој се составува врз основа на интерните правила на Агенцијата.

(3) Доколку до изготвување на Записникот од спроведена вонтеренска супервизија, друштвото документирано докаже дека одредени неусогласености констатирани во текот на спроведување на супервизијата се надминати и истото е прифатено од страна на супервизорите, во Записникот ќе се констатира неусогласеностасо напомена дека друштвото презело активности за надминување на неусогласеноста за што доставило и соодветна доказна документација. Доколку, пак друштвото, по изготвување на Записникот од спроведена вонтеренска супервизија, а до моментот на негова конечност, достави докази за усогласување со неусогласеностите констатирани во Записникот и истите докази се прифатени од страна на супервизорите, друштвото ќе биде писмено известено.

(4) Друштвото може да цитира или на друг начин да ја наведе содржината на Записникот само по претходно добиена писмена согласност од Агенцијата.

(5) Записникот од став (1) на овој член се доставува до членовите на органот на управување на друштвото.

(6) Членовите на органот на управување на друштвото се должни да го разгледаат Записникот и да доставаат негова комплетна копија до Службата за внатрешна ревизија на друштвото.

(7) Членовите на органот на управување на друштвото се должни до Агенцијата да доставаат копија од Записникот од седницата на органот на управување на која бил разгледуван Записникот од спроведената вонтеренска супервизија.

Член 5

(1) Друштвото коешто било предмет на супервизија има право да достави забелешки по однос на наодите констатирани во Записникот. Кон забелешките друштвото треба да достави документирани докази со кои ќе ги поткрепи забелешките. Покрај забелешки по одредени наоди констатирани во записникот, друштвото може да достави и докази дека ги отстранило незаконитостите констатирани во Записникот.

(2) Друштвото треба да ги достави забелешките по Записникот во рок кој ќе го определи Агенцијата а кој не може да биде пократок од 8 ниту подолг од 15 дена.

(3) Во рамки на доставените забелешки по Записникот, друштвото може да побара од Агенцијата и дополнителни појаснувања во врска со основите врз кои Агенцијата ги заснова наодите констатирани во Записникот.

(4) Супервизорите се должни да му доставаат на друштвото одговор на забелешките по што и официјално ќе се смета дека Записникот од спроведена вонтеренска супервизија е конечен.

(5) Доколку друштвото не достави забелешки по Записникот од спроведена вонтеренска супервизија во рокот од став (2) на овој член, ќе се смета дека друштвото се согласува со наодите констатирани во Записникот, по што и официјално Агенцијата до друштвото ќе достави писмо со кое ќе се смета дека Записникот од спроведената вонтеренска супервизија е конечен.

(6) По конечноста на Записникот, негова копија се доставува до надзорниот орган на друштвото со барање тој да биде разгледан од страна на членовите на надзорниот орган на првата наредна седница, но не подоцна од 30 дена од приемот на одговорот од Агенцијата за конечност на Записникот.

(7) Надзорниот орган на друштвото е должен писмено или електронски да ја извести Агенцијата најдоцна три дена пред одржување на седницата за местото, начинот и времето на одржување на седницата на која ќе се разгледува Записникот од спроведената вонтеренска супервизија. Супервизорите може да присуствуваат на седницата на надзорниот орган на која се разгледува Записникот од спроведена вонтеренска супервизија. Најдоцна петтиот ден по усвојување на записникот од седницата на надзорниот орган на која е разгледан Записникот, копија од истиот Друштвото е должно да достави до Агенцијата.

(8) Доколку во Записникот од спроведена вонтеренска супервизија се содржани наоди кои се однесуваат на работата на друштвото за ревизија, извадок од Записникот се доставува и до друштвото за ревизија.

(9) Извадокот од Записникот од став (8) од овој член, се доставува до друштвото за ревизија во истиот момент кога Записникот од спроведена вонтеренска супервизија се доставува до членовите на органот на управување на друштвото.

(10) Друштвото за ревизија од став (8) на овој член има право на забелешки по извадокот од Записникот во рок од осум дена. Кон забелешките друштвото за ревизија треба да достави документирани докази со кои ќе ги поткрепи забелешките.

(11) Во рамки на доставените забелешки по извадокот од Записникот, друштвото за ревизија може да побара од Агенцијата и дополнителни појаснувања во врска со основите врз кои Агенцијата ги заснова наодите констатирани во извадокот од Записникот.

(12) Супервизорите се должни да му доставаат на друштвото за ревизија одговор на забелешките по што извадокот од Записникот ќе се смета за конечен.

(13) Доколку друштвото за ревизија не достави забелешки по извадокот од Записникот од спроведена вонтеренска супервизија во рокот од став (10) на овој член, ќе се смета дека друштвото за ревизија се согласува со наодите констатирани во извадокот од Записникот по што и официјално Агенцијата до друштвото за ревизија ќе достави писмо со кое ќе се смета дека извадокот од Записникот од спроведената вонтеренска супервизија е конечен.

(14) Агенцијата ќе го извести Институтот на овластени ревизори и Советот за унапредување и надзор на ревизијата за направената писмена кореспонденција од ставовите (8), (9), (10), (11), (12) и (13) од овој член, со друштвото за ревизија.

ТЕРЕНСКА СУПЕРВИЗИЈА

Член 6

(1) Теренска супервизија на работењето на друштвата претставува систем на постапки и процеси преку кои се утврдува сигурноста, стабилноста, ризичноста и усогласеноста на друштвото со прописите, при што се применуваат интерните правила и процедури донесени од страна на Агенцијата.

(2) Теренската супервизија од став (1) од овој член ја спроведуваат супервизорите од член 1 став (4) и (5) од овој правилник.

(3) Теренската супервизија се врши според однапред утврден План за теренска супервизија одобрен од страна на Советот на експерти на Агенцијата.

(4) По исклучок на став (3) од овој член, теренската супервизија се спроведува и по потреба во следните случаи:

- доколку преку спроведување на перманентната вонтеренска супервизија на работењето на друштвата се утврди влошување на трендовите во работењето на друштвото, што може негативно да влијае врз неговата сигурност и стабилност и ризичност;
- доколку е потребно да се утврди респонзивноста на друштвото во однос на преземените мерки на супервизија од страна на Агенцијата и
- заради прибирање, обработка и анализа на податоци потребни за вршење на функциите на Агенцијата.

(5) Планот за теренска супервизија се утврдува врз основа на профилите на ризик и супервизорските стратегии утврдени во рамки на постојаното вонтеренско следење на работењето на друштвата.

Член 7

(1) Пред отпочнување на теренска супервизија, Агенцијата до друштвото доставува Решение за овластување лица за спроведување теренска супервизија во рок што не е пократок од 15 дена пред отпочнување на теренската супервизија.

(2) По исклучок на став (1) на овој член, Агенцијата доставува Решение за овластување лица за спроведување делумна теренска супервизија во рок што не е пократок од 8 дена пред отпочнување на супервизијата.

(3) По исклучок на став (1) и (2) на овој член, Агенцијата може да го достави Решението за овластување лица за спроведување теренска супервизија и на лице место пред самото отпочнување на теренската супервизија доколку на друг начин не било можно да се остварат целите на теренската супервизија.

(4) Решението за овластување лица за спроведување теренска супервизија од став (1) и (2) на овој член содржи податоци за предметот на супервизијата, супервизорот овластен да го координира супервизорскиот тим, датумот на отпочнување на супервизијата, како и планираното времетраење на супервизијата.

(5) Заедно со Решението за овластување лица за спроведување теренска супервизија, Агенцијата до друштвото доставува и известување во кое се утврдуваат податоците и информациите што друштвото ќе треба да ги достави до Агенцијата пред отпочнување на теренската супервизија и податоците и информациите што друштвото ќе треба да ги подготви заклучно со денот на отпочнување на теренската супервизија.

(6) Податоците и информациите што друштвото треба да ги достави до Агенцијата пред отпочнување на теренската супервизија согласно став (5) од овој член треба да бидат доставени во рок кој не е пократок од 8 ниту подолг од 15 дена по приемот на решението за овластување

лица од став (1) од овој член.

(7) Податоците и информациите што друштвото треба да ги достави до Агенцијата согласно став (5) од овој член треба да бидат целосни, точни и конечни и друштвото не може да ги менува во текот на теренската супервизија.

Член 8

Друштвото е должно во согласност со своите безбедносни процедури на супервизорите да им обезбеди пристап до сите простории, да им ја даде на увид целокупната расположлива документација, вклучувајќи ги и податоците кои се чуваат електронски, како и да ја обезбеди целокупната документација што супервизорите ќе ја побараат, вклучувајќи писмени изјави од страна на членовите на органите на управување и другите лица со посебни права и овластувања, со објаснување за прашањата кои се од значење за утврдување на сигурноста, стабилноста и ризичноста на друштвото и усогласеноста на друштвото со прописите.

Член 9

(1) Доколку во текот на спроведување на теренската супервизија се утврди потреба од продолжување на траењето на теренската супервизија или проширување на предметот на супервизијата, во согласност со интерните правила и процедури за работа на Агенцијата, претседателот/членот на Советот на експерти на Агенцијата ќе изврши измена и дополнување на овластувањето за спроведување супервизија.

(2) Доколку побараните податоци и информации потребни за спроведување на супервизијата не се подготвени на денот на отпочнување на теренската супервизија, односно податоците и информациите за коишто било побарано да бидат доставени до Агенцијата пред отпочнување на супервизијата не се доставени во рамки на предвидениот рок, Агенцијата ќе ја прекине супервизијата со решение со наод.

(3) Теренската супервизијата ќе биде прекината и доколку истата се одвива отежнато поради неуредна евиденција, недостаток или недоставување на документација, некооперативност на органите на друштвото или ако на друг начин се попречува извршувањето на супервизијата.

Член 10

(1) По спроведената теренска супервизија, супервизорите составуваат Записник од спроведена теренска супервизија. Доколку до изготвување на Записникот од спроведена теренска супервизија, друштвото документирано докаже дека одредени неусогласености констатирани во текот на спроведување на супервизијата се надминати и истото е прифатено од страна на супервизорите, во Записникот ќе се констатира неусогласеноста со напомена дека друштвото презело активности за надминување на неусогласеноста за што доставил и соодветна доказна документација. Доколку пак

друштвото, по изготвување на Записникот од спроведена теренска супервизија, а до моментот на негова конечност, достави докази за усогласување со неусогласеностите констатирани во Записникот и истите докази се прифатени од страна на супервизорите, друштвото ќе биде писмено известено.

(2) По исклучок на став (1) од овој член, за спроведената теренска супервизија од член 6 став (4) од овој правилник, супервизорите составуваат записник којшто не се доставува до друштвото.

(3) Записникот од став (1) на овој член претставува службен документ кој се составува врз основа на интерните правила и процедури на Агенцијата.

(4) Записникот од став (1) на овој член содржи информации, податоци и согледувања на супервизорите за начинот на кој друштвото управува со ризиците и за усогласеноста на работењето на друштвото со прописите.

(5) Друштвото може да цитира или на друг начин да ја наведе содржината на записникот само по претходно добиена писмена согласност од Агенцијата за потребите за вршење ревизија на годишните финансиски извештаи на друштвото, за длабинска анализа на друштвото и во други случаи предвидени со закон.

(6) Записникот од став (1) на овој член се доставува до членовите на органот на управување на друштвото.

(7) Членовите на органот на управување на друштвото се должни да го разгледаат записникот и да доставаат негова комплетна копија до Службата за внатрешна ревизија на друштвото.

(8) Членовите на органот на управување на друштвото се должни до Агенцијата да доставаат копија од Записникот од седницата на која бил разгледуван Записникот од спроведената теренска супервизија.

Член 11

(1) Друштвото кое што било предмет на супервизија има право да достави забелешки по однос на наодите констатирани во Записникот. Кон забелешките друштвото треба да достави документирани докази со кои ќе ги поткрепи забелешките. Покрај забелешки по одредени наоди констатирани во записникот, друштвото може да достави и докази дека ги отстранило незаконитостите констатирани во Записникот.

(2) Друштвото може да ги достави забелешките по Записникот во рок кој ќе го определи Агенцијата а кој не може да биде пократок од 8 ниту подолг од 15 дена.

(3) Во рамки на доставените забелешки по одделни наоди од Записникот, друштвото може да побара од Агенцијата и дополнителни појаснувања во врска со основите врз кои Агенцијата ги заснова наодите констатирани во Записникот.

(4) Супервизорите се должни да му достават на друштвото одговор на забелешките по што и официјално ќе се смета дека теренската супервизија е завршена а Записникот ќе се смета за конечен.

(5) Доколку друштвото не достави забелешки по Записникот од спроведената теренска супервизија во рокот од став (2) на овој член, ќе се смета дека друштвото се согласува со наодите констатирани во Записникот, по што и официјално Агенцијата до друштвото ќе достави писмо со кое ќе се смета дека Записникот од спроведената теренска супервизија е конечен.

(6) По конечноста на Записникот, негова копија се доставува до надзорниот орган на друштвото со барање тој да биде разгледан од страна на членовите на надзорниот орган на првата наредна седница, но не подоцна од 30 дена од приемот на одговорот од Агенцијата за конечност на Записникот.

(7) Надзорниот орган на друштвото е должен писмено или електронски да ја извести Агенцијата најдоцна три дена пред одржување на седницата за местото, начинот и времето на одржување на седницата на која ќе се разгледува Записникот од спроведената теренска супервизија. Супервизорите може да присуствуваат на седница на надзорниот орган на која се разгледува Записникот од спроведената теренска супервизија. Најдоцна петтиот ден по усвојување на записникот од седницата на надзорниот орган на која е разгледан Записникот, копија од истиот друштвото е должно да достави до Агенцијата.

(8) Доколку во Записникот од спроведената теренска супервизија се содржани наоди кои се однесуваат на работата на друштвото за ревизија, извадок од Записникот се доставува и до друштвото за ревизија.

(9) Извадокот од Записникот од став (8) од овој член се доставува до друштвото за ревизија во истиот момент кога Записникот од спроведена теренска супервизија се доставува до членовите на органот на управување на друштвото.

(10) Друштвото за ревизија од став (8) на овој член има право на забелешки по извадокот од Записникот во рок од 8 дена. Кон забелешките друштвото за ревизија треба да достави документирани докази со кои ќе ги поткрепи забелешките.

(11) Во рамки на доставените забелешки по извадокот од Записникот, друштвото за ревизија може да побара од Агенцијата и дополнителни појаснувања во врска со основите врз кои Агенцијата ги заснова наодите констатирани во Записникот.

(12) Супервизорите се должни да му доставаат на друштвото за ревизија одговор на забелешките по што извадокот од Записникот ќе се смета за конечен.

(13) Доколку друштвото за ревизија не достави забелешки по извадокот од Записникот од спроведената теренска супервизија во рокот од став (10) на овој член, ќе се смета дека друштвото за ревизија се согласува со наодите констатирани во Записникот, по што и официјално Агенцијата до друштвото за ревизија ќе достави писмо со кое ќе се смета дека извадокот од Записникот од спроведената теренска супервизија е конечен.

(14) Агенцијата ќе го извести Институтот на овластени ревизори и Советот за унапредување и надзор на ревизијата за направената писмена кореспонденција од ставовите (8), (9), (10), (11), (12) и (13) од овој член, со друштвото за ревизија.

МЕРКИ НА СУПЕРВИЗИЈА

Член 12

Доколку во текот на спроведување на супервизијата се утврди дека друштвото не ги почитува одредбите од Законот за супервизија на осигурување, Законот за задолжително осигурување во сообраќајот, подзаконските акти донесени врз основа на овие закони, како и останатите прописи (во понатамошниот текст: утврдени незаконитости и/или неправилности), Агенцијата може да ги изрече следниве мерки на супервизија:

1. Наредба за отстранување на незаконитости;
2. Одредување на дополнителни мерки на супервизија;
3. Одземање на дозволата;
4. Воведување на посебна управа;
5. Поднесување на предлог за покренување на прекршочна постапка, односно изрекување прекршочна санкција;
6. Спроведување на ликивидација на друштвото;
7. Поднесување на предлог за отворање стечајна постапка на друштвото.

(2) Покрај мерките утврдени во став (1) на овој член, Агенцијата може да му наложи на друштвото да преземе и други мерки во функција на унапредување на работењето на друштвото и зајакнување на системот на интерни контроли во друштвото.

(3) Агенцијата согласно интерните акти, определува мерки на супервизија кои се најцелисходни и најсоодветни за постигнување на регулаторните цели, водејќи сметка за природата, тежината и зачестеноста на утврдените незаконитости и/или неправилности.

(4) Агенцијата може да определи една или повеќе мерки на супервизија.

(5) Мерките на супервизија утврдени во став (1) од овој член се носат во форма на Решение, Наредба или Спогодба (во понатамошниот текст: акт на Агенцијата).

(6) Доколку до денот на донесување на актот на Агенцијата со кој се изрекува мерка на супервизија друштвото ја отстранило незаконитоста за која согласно интерните акти на Агенцијата е предвидена мерка од став (1) точка 1) од овој член, Агенцијата нема да изрече мерка на супервизија кон друштвото.

(7) За незаконитостите за кои согласно интерните акти на Агенцијата е предвидена мерка на супервизија од став (1) точка 5 од овој член, Агенцијата во рамки на своите овластувања ќе изготви записник за констатиран прекршок и во истиот ќе му предложи на сторителот на прекршокот постапка на спогодување и постигнување согласност со кој сторителот на прекршокот ќе ја плати договорената глоба и другите давачки, ќе ги отстрани последиците на прекршокот или ќе исполни некоја обврска.

(8) Постапката на спогодување се покренува со доставување понуда за постигнување согласност за спроведување постапка за спогодување од страна на Агенцијата во рок од 8 дена од денот кога е констатирано сторување на прекршокот. За датум за констатирање на прекршокот се смета конечноста на Записникот.

(9) Постапката на спогодување се спроведува во согласност со одредбите од Законот за супервизија на осигурување, Законот за задолжително осигурување во сообраќајот и Законот за прекршоци.

(10) За осигурителните брокерски друштва и друштвата за застапување во осигурување, како и за лицата од членот 1 став (3), Агенцијата може да ги изрече само мерките на супервизија под точка 1) и 5) од став (1) на овој член.

Член 13

(1) Друштвото е должно во рокот утврден во актот на Агенцијата да ги отстрани утврдените незаконитости и/или неправилности и до Агенцијата да достави извештај за отстранување на незаконитости и/или неправилности.

(2) Извештајот ќе содржи појаснување на преземените мерки и ќе биде придружен со доказна документација дека утврдените незаконитости и/или неправилности се отстранети.

(3) Доколку Агенцијата утврди одредени незаконитости при водењето на сметководствената, административната или другата деловна евиденција, ќе му наложи на друштвото Извештајот за отстранување на незаконитости и/или неправилности да биде придружен со позитивно мислење од страна на овластен ревизор дека незаконитостите и/или неправилностите се отстранети.

(4) Врз основа на Извештајот за отстранување на незаконитости/неправилности, Агенцијата може да спроведе дополнителна супервизија на работењето на друштвото во обем кој е неопходен за утврдување дали утврдените незаконитости и/или неправилности се отстранети.

(5) Доколку врз основа на Извештајот за отстранување на незаконитости/неправилности од став (1) и/или спроведената дополнителна супервизија од став (4) на овој член се утврди дека друштвото ги отстранило утврдените незаконитости и/или неправилности, Агенцијата во рок од 30 дена од денот на прием на извештајот, ќе донесе решение со кое претходно донесениот акт (решение или наредба) се става вон сила. Доколку во рокот од 30 дена Агенцијата не донесе решение, ќе се смета дека незаконитостите/неправилностите биле отстранети.

(6) Доколку врз основа на Извештајот за отстранување на незаконитости/неправилности од став (1) и/или спроведената дополнителна супервизија од став (4) на овој член се утврди дека друштвото не ги отстранило утврдените незаконитости и/или неправилности, Агенцијата ќе преземе други мерки согласно закон.

Член 14

(1) Друштвото може да поднесе Приговор против Наредбата за отстранување на незаконитости во рок од 8 дена од доставувањето на Наредбата.

(2) Доколку приговорот е поднесен во рокот од став (1) на овој член, крајниот рок за отстранување незаконитости определен во Наредбата ќе биде продолжен за периодот од поднесување на приговорот до донесување решение во врска со приговорот.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, во случај кога поради природата на незаконитостите извршувањето на Наредбата не може да се одложи, Агенцијата може во наредбата да наведе дека приговорот не го одложува извршувањето на наредбата.

(4) По приговорот од став (1) на овој член Агенцијата ќе одлучи со решение во рок од 15 дена од прием на приговорот, по што Наредбата ќе стане конечна.

(5) Со решението од став (4) од овој член, Агенцијата може да го одбие или отфрли приговорот, да ја промени Наредбата или да ја укине Наредбата.

ОДРЖУВАЊЕ КОНТАКТИ СО ЧЛЕНОВИТЕ НА ОРГАНИТЕ НА УПРАВУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО, СЛУЖБАТА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА И СО ДРУШТВОТО ЗА РЕВИЗИЈА

Член 15

(1) Супервизорите од член 1 став (4) од овој правилник пред отпочнување на теренската супервизија задолжително одржуваат работен состанок со службата за внатрешна ревизија и со друштвото за ревизија определено од друштвото.

(2) На состанокот се дискутира за наодите од активностите на Службата за внатрешна ревизија и друштвото за ревизија.

(3) Супервизорите од член 1 став (4) од овој правилник, можат да одржуваат работни состаноци со членовите на органот на управување, членовите на надзорниот орган, овластениот ревизор на друштвото и друштвото за ревизија определено од друштвото.

(4) На овие состаноци се дискутира и се разменуваат податоци и информации за работењето на друштвото од кои супервизорите треба да добијат поблиски информации за работењето на друштвото, корпоративното управување, ризиците во работењето, управувањето со ризиците, промените во деловната политика и стратегија на друштвото и сигурноста и стабилноста на друштвото.

СОРАБОТКА И РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ СО ДРУГИ СУПЕРВИЗОРСКИ ОРГАНИ

Член 16

Супервизорите од член 1 став (4) од овој правилник при вршењето супервизија на друштвото, по потреба, соработуваат и разменуваат податоци и информации со други супервизорски органи и други институции од Република Македонија и од странство.

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Член 12 (“Службен весник на Република Македонија” бр. 59/2017)

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.0201-1273/4 од 26.12.2013 година **Претседател на Советот на експерти**

Бр. 02-302/6 од 10.5.2017 година **д-р Климе Попоски**